СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија во 2012 година

# ВОВЕД

Во овој документ се презентирани податоците за бројот и структурата на вработените во радиодифузната индустрија во 2012 година.

Документот се состои од два дела, од кои првиот се однесува на бројот и структурата на вработените во телевизиската индустрија, а вториот на бројот и структурата на вработените во радиската индустрија. Во рамките на овие два дела, засебно се претставени податоците за вработените во јавниот радиодифузен сервис, како и во комерцијалните радиодифузери што емитуваат програма на државно, регионално и локално ниво.

Структурата на вработените е анализирана врз основа на следните критериуми:

- работно место - новинари, уредници, управители/директори, технички кадар (инженери и техничари), реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) и преостанат кадар
- степен на образование – високо образование, средно образование и друг вид на образование
- пол
- статус - редовен работен однос и хонорарно ангажирани.

Податоците за бројот и структурата на вработените лица ги доставија самите радиодифузери, на посебен образец што го изработи Советот за радиодифузија.

## 1. ТЕЛЕВИЗИСКА ИНДУСТРИЈА

Во 2012 година, бројот на вработени во телевизиската индустрија во целина изнесувал вкупно 1764 лица. Во споредба со претходната година вкупниот број на вработени е намален за седум лица. Од овие 1764 вработени, во редовен работен однос биле 1531 лице, а 233 лица биле хонорарно ангажирани.

**Табела: Структура на вработените во телевизиската индустрија**

| | | Состојба на 31.12.2012 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 272 | 218 | 193 | 144 | 73 | 71 | 6 | 3 | 218 | 175 | 54 | 43 |
| 2 | Уредници | 68 | 67 | 57 | 46 | 11 | 21 | 0 | 0 | 64 | 61 | 4 | 6 |
| 3 | Управители/директори | 16 | 50 | 10 | 28 | 6 | 22 | 0 | 0 | 16 | 47 | 0 | 3 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 27 | 136 | 10 | 22 | 16 | 111 | 1 | 3 | 20 | 116 | 7 | 20 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 127 | 478 | 37 | 78 | 75 | 378 | 15 | 22 | 113 | 426 | 14 | 52 |
| 6 | Преостанат кадар | 178 | 127 | 58 | 34 | 102 | 75 | 18 | 18 | 157 | 118 | 21 | 9 |
| | ВКУПНО | 688 | 1076 | 365 | 352 | 283 | 678 | 40 | 46 | 588 | 943 | 100 | 133 |

Во Македонската телевизија биле ангажирани 34% од вкупниот број на вработени, а останатите 66% работеле во приватниот сектор.




Во структурата на вработените најзастапен бил реализаторскиот кадар (605 лица), а најголем дел од реализаторите биле мажи со завршено средно образование (62%).

На второто место според учеството биле лицата вработени како новинари. Во споредба со претходната година, нивниот број се намалил за 48 лица. Тоа во најголема мера се должи на намалувањето на бројот на новинари во јавниот сервис (за 18%, односно за 33 лица - во 2011 година во МТВ биле ангажирани 181 лица како новинари, а во 2012 година 148 лица).

Позначајно зголемување на бројот на вработените се забележува кај лицата кои биле ангажирани како уредници. Нивниот број се зголемил за 55% во однос на претходната година.

**Структура на вработените според работните места**




Во анализираната година, машките лица кои работеле во телевизиските станици биле значително побројни од женските лица (биле вработени 1076 мажи наспроти 688 жени).

Најголем број од лицата од машки пол биле ангажирани како реализаторски кадар, поточно 44% од мажите во телевизиската индустрија биле вработени како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар.

Најголем дел од жените биле ангажирани како новинарки (40%).

**Структура на вработените според пол**




Разликата помеѓу бројот на мажи и жени била најмала кај лицата кои работеле како уредници (67 машки наспроти 68 женски лица).

Што се однесува до степенот на образование, најголем број од вработените во сите субјекти во телевизиската индустрија биле машки лица со завршено средно образование (38%), од кои дури 56% биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар.

**Структура на вработените според образование**




Меѓу лицата со високо образование најбројни биле жените кои работеле како новинари (27%). Друг вид на образование имале вкупно 86 лица, од кои дури 85% го сочинувале реализаторскиот и преостанатиот кадар.

## 1.1. Македонска телевизија

Во анализираната година во Македонската телевизија биле вработени вкупно 597 лица (18 лица повеќе отколку во претходната година) и сите биле во редовен работен однос.

**Табела: Структура на вработените во Македонска телевизија**

| | | Состојба на 31.12.2012 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | кадар | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 83 | 65 | 50 | 40 | 28 | 23 | 5 | 2 | 83 | 65 | 0 | 0 |
| 2 | Уредници | 26 | 16 | 23 | 13 | 3 | 3 | 0 | 0 | 26 | 16 | 0 | 0 |
| 3 | Управители/директори | 0 | 4 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 0 | 16 | 0 | 3 | 0 | 13 | 0 | 0 | 0 | 16 | 0 | 0 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 74 | 212 | 22 | 39 | 39 | 154 | 13 | 19 | 74 | 212 | 0 | 0 |
| 6 | Преостанат кадар | 63 | 38 | 16 | 12 | 34 | 12 | 13 | 14 | 63 | 38 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 246 | 351 | 111 | 111 | 104 | 205 | 31 | 35 | 246 | 351 | 0 | 0 |

Во структурата на вработените најзначајно учество имале лицата кои биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (48%). Во споредба со 2011 година, бројот на вработени во оваа категорија се зголемил за 10%. Сепак, најзабележителен пораст се забележува кај уредниците (како уредници во 2012 година биле ангажирани дури 38 лица повеќе отколку во 2011 година). Новинарскиот кадар, пак, се намалил за 33 лица, а во анализираната година учествувал со 25% во вкупниот број на вработени.

**Структура на вработените според работните места**



Доколку се погледне структурата на вработените според полот, се забележува дека лицата од машки пол биле побројни отколку лицата од женски пол (за 18%). Мажите биле значително побројни кај реализаторскиот кадар (74% мажи наспроти 26% жени), а жените биле побројни кај новинарите, уредниците и во категоријата „преостанат кадар“.

**Структура на вработените според пол**




Како управител, односно директор, и како технички кадар не било ангажирано ниту едно женско лице.

Од вкупниот број на вработени во Македонската телевизија, 37% имале комплетирано високо образование, 52% биле со завршено средно образование, а 11% биле со друго образование. Со високо образование биле ангажирани ист број на машки и женски лица (по 111 лица), со средно образование биле вработени речиси двојно повеќе мажи од жени (104 жени наспроти 205 мажи), а бројот на машки и женски лица со друг вид на образование бил приближно ист (31 жена и 35 мажи).

**Структура на вработените според образование**




Најголем дел од вработените со високо образование биле женските лица ангажирани како новинарки (23%), а кај вработените со средно образование доминирале машките лица кои што работеле како режисери, сниматели и монтажери (50%).

## 1.2. Комерцијални терестријални телевизиски станици на државно ниво

Во 2012 година, во четирите терестријални телевизиски станици на државно ниво биле ангажирани вкупно 422 лица, што е зголемување за 22 лица во однос на претходната година. Од нив, 402 лица биле во редовен работен однос, а 20 биле хонорарно ангажирани (сите 20 хонорарци биле ангажирани во ТВ Алсат-М).

**Табела: Структура на вработените во терестријалните телевизиски станици на државно ниво**

| | | Состојба на 31.12.2012 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 60 | 55 | 49 | 47 | 11 | 7 | 0 | 1 | 55 | 52 | 5 | 3 |
| 2 | Уредници | 13 | 19 | 11 | 18 | 2 | 1 | 0 | 0 | 13 | 18 | 0 | 1 |
| 3 | Управители/директори | 1 | 5 | 1 | 4 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 4 | 0 | 1 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 10 | 31 | 4 | 5 | 5 | 25 | 1 | 1 | 10 | 31 | 0 | 0 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 21 | 109 | 3 | 19 | 18 | 89 | 0 | 1 | 21 | 102 | 0 | 7 |
| 6 | Преостанат кадар | 47 | 51 | 14 | 7 | 31 | 40 | 2 | 4 | 46 | 49 | 1 | 2 |
| | ВКУПНО | 152 | 270 | 82 | 100 | 67 | 163 | 3 | 7 | 146 | 256 | 6 | 14 |

Најголем број на вработени прикажала ТВ Сител (134 лица). Во ТВ Алсат-М биле вработени 110 лица, во ТВ Канал 5 - 97 лица и во ТВ Телма - 81 лице.

Речиси 60% од вработените во овој сегмент на телевизиската индустрија биле ангажирани како реализатори (31%) и како новинари (27%).

**Структура на вработените според работните места**



Во ТВ Ситeл биле ангажирани дури 47% од реализаторите и 35% од новинарите вработени во овие четири субјекти.




Најмалку новинари биле вработени во ТВ Алсат-М (17% од вкупниот број новинари), а најмалку реализатори во ТВ Канал 5 (12% од вкупниот број реализатори).

Од вкупно 32 уредници, дури 11 биле ангажирани во ТВ Телма. Во ТВ Алсат-М осум лица биле вработени како уредници, во ТВ Канал 5 – седум, а во ТВ Ситeл шест лица.

Како управители биле ангажирани вкупно шест лица, од кои три во ТВ Алсат-М и по едно лице во останатите три телевизии.

Од целокупниот технички кадар во овој сегмент на телевизиската индустрија, речиси половина биле ангажирани во ТВ Канал 5 (20 лица или 49%).

Што се однесува до структурата на вработените според полот, освен кај новинарскиот кадар каде што жените биле побројни (за само пет лица), мажите преовладувале во сите други категории на вработени.




Дури 26% од вкупниот број на вработени биле мажи ангажирани како реализаторски кадар.

Повеќе од половината (55%) од вработените биле со комплетирано средно образование, 43% со високо образование, а само 2% со друг вид на образование.

**Структура на вработените според образование**




Најголем дел од лицата со високо образование работеле како новинари (53%), а лицата со завршено средно образование биле најбројни кај реализаторскиот кадар (47%).

## 1.3. Сателитски телевизиски станици

Само шест сателитски телевизии емитуваа програма во текот на целата анализирана година (ТВ Сонце, Наша ТВ, ТВ Сител 3, ТВ Алфа, ТВ 24 Вести и ТВ Канал 5 плус).

Вкупниот број на вработени лица кај овие субјекти изнесувал 275, од кои 249 во редовен работен однос, а 26 хонорарно ангажирани. Само три сателитски телевизии прикажале хонорарно ангажирани лица: Наша ТВ - 13, ТВ Сонце – 11 и ТВ 24 Вести – две лица.

**Табела: Структура на вработените во сателитските телевизиски станици**

| | | Состојба на 31.12.2012 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | Вкупен број | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 37 | 40 | 32 | 28 | 5 | 12 | 0 | 0 | 36 | 30 | 1 | 10 |
| 2 | Уредници | 12 | 8 | 11 | 4 | 1 | 4 | 0 | 0 | 12 | 8 | 0 | 0 |
| 3 | Управители/директори | 2 | 4 | 1 | 3 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 4 | 0 | 0 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 9 | 25 | 4 | 4 | 5 | 20 | 0 | 1 | 7 | 23 | 2 | 2 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 15 | 69 | 6 | 9 | 9 | 60 | 0 | 0 | 13 | 63 | 2 | 6 |
| 6 | Преостанат кадар | 27 | 27 | 13 | 10 | 14 | 17 | 0 | 0 | 25 | 26 | 2 | 1 |
| | ВКУПНО | 102 | 173 | 67 | 58 | 35 | 114 | 0 | 1 | 95 | 154 | 7 | 19 |

Најголем број вработени лица имала ТВ Алфа (120 лица). ТВ Сител 3 не прикажала ниту едно ангажирано лице (ни во редовен работен однос ни хонорарно).

**Број на вработени во сателитските тв-станици**



Најголемо учество во структурата на вработените имал реализаторскиот кадар (84 лица). Ова беше забележано и во претходната година. Повеќе од половината, односно 56% од вкупниот број на режисери, сниматели и монтажери биле вработени во ТВ Алфа.




И најголем дел од новинарите кај овие шест субјекти биле ангажирани во ТВ Алфа (43%). Во Наша ТВ биле вработени еднаков број на новинари и реализатори (по осум лица).




Половина од лицата ангажирани како уредници (вкупно 10 лица) биле вработени во ТВ Алфа. Оваа телевизија прикажала и најмногу лица вработени во категоријата „преостанат кадар“ (48%). Најголем број од лицата ангажирани како технички кадар во сателитските телевизии (дури 53%) биле вработени во ТВ 24 Вести.

Бројот на мажи бил поголем за 71 лице во однос на бројот на жените (173 мажи наспроти 102 жени). Жените биле побројни единствено кај уредниците. Во категоријата преостанат кадар биле вработени еднаков број на лица од двата пола (по 27 лица).

**Структура на вработените според пол**




Четириесет и три отсто од вкупниот број на жени биле ангажирани во ТВ Алфа, од кои дури 45% работеле како новинарки. Во ТВ 24 Вести биле вработени 26% од вкупниот број на жени, а останатите 29% во другите четири телевизиски станици.

Од вкупниот број на мажи, дури 23% работеле како реализаторски кадар во ТВ Алфа.

Повеќе од половината од вработените биле со завршено средно образование (54%). Со комплетирано високо образование биле 45% од вработените, а само едно лице кое што работело како технички кадар било со друг вид на образование.

**Структура на вработените според образование**




Најголем дел од лицата со високо образование работеле како новинари (48%), а најголем дел од лицата со средно образование како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (46%).

## 1.4. Регионални телевизиски станици

Во 2012 година, вкупниот број на вработени во регионалните телевизии изнесувал 112 лица, исто како и претходната година. Од нив 53 лица биле во редовен работен однос, а 59 биле хонорарно ангажирани.

Речиси 80% од лицата во редовен работен однос биле ангажирани во само три од вкупно девет телевизиски станици (во ТВ Ера – 16 лица, во ТВ МТМ - 15 лица и во ТВ Скопје – 11 лица).

**Табела : Структура на вработените во регионалните телевизиски станици**

| | | Состојба на 31.12.2012 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 22 | 10 | 15 | 4 | 7 | 6 | 0 | 0 | 4 | 3 | 18 | 7 |
| 2 | Уредници | 4 | 3 | 2 | 1 | 2 | 2 | 0 | 0 | 3 | 1 | 1 | 2 |
| 3 | Управители/директори | 3 | 6 | 2 | 2 | 1 | 4 | 0 | 0 | 3 | 6 | 0 | 0 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 3 | 19 | 2 | 5 | 1 | 14 | 0 | 0 | 1 | 12 | 2 | 7 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 8 | 21 | 6 | 4 | 2 | 15 | 0 | 2 | 3 | 8 | 5 | 13 |
| 6 | Преостанат кадар | 10 | 3 | 4 | 1 | 4 | 2 | 2 | 0 | 7 | 2 | 3 | 1 |
| | ВКУПНО | 50 | 62 | 31 | 17 | 17 | 43 | 2 | 2 | 21 | 32 | 29 | 30 |

Од вкупниот број на вработени во редовен работен однос и хонорарно ангажирани лица, најмногу биле ангажирани во ТВ Едо (21 лице), а најмалку во ТВ Крт (само едно лице).

Најголем дел од вработените биле ангажирани како новинари (28%). Дури 63% од новинарите биле ангажирани во само две телевизии: ТВ Едо и ТВ Амазон.

Освен новинарскиот кадар, позначајно учество има и реализаторскиот кадар (29 лица или 26% од вкупниот број на вработени). Во ТВ Крт и ТВ Скопје не било вработено ниту едно лице во оваа категорија.

**Структура на вработените според работните места**




ТВ Скопје прикажала најголем број на инженери и техничари (32% од техничкиот кадар), а ТВ Крт воопшто не прикажала ангажирани лица во оваа категорија.

Повеќе од половината (55%) од вработените кај регионалните телевизии биле мажи, а 45% жени. Најмногу машки лица биле ангажирани во ТВ Амазон и ТВ Скајнет (по 11 лица), а најмногу женски лица во ТВ Едо (18 лица).

Во ТВ БТР не било вработено ниту едно женско лице, а во ТВ КРТ единственото вработено лице била жена ангажирана како управител на телевизијата.

**Структура на вработените според пол**




Со високо образование биле 43% од вработените, од кои 40% работеле како новинари. Позначајно учество во структурата на вработените имале и лицата со високо образование кои биле ангажирани како режисери, сниматели и монтажери (21%).

**Структура на вработените според образование**




Во овој сегмент на телевизиската индустрија, со комплетирано средно образование биле 54% или вкупно 60 вработени лица, а од нив најголем дел биле реализаторски (28%) и технички кадар (25%).

Друг вид на образование имале само четири лица (две лица вработени како реализаторски кадар и две лица вработени како преостанат кадар).

## 1.5. Локални телевизиски станици

Вкупно 47 локални телевизиски станици емитуваа програма во текот на целата анализирана година. Во анализата се обработени податоците за 45 од нив.[1]

Вкупниот број на вработени кај локалните телевизии изнесувал 358 лица, од кои 230 биле во редовен работен однос, а 128 биле хонорарци.

**Табела : Структура на вработените во локалните телевизиски станици**

| | | Состојба на 31.12.2012 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | Вкупен број | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 70 | 48 | 47 | 25 | 22 | 23 | 1 | 0 | 40 | 25 | 30 | 23 |
| 2 | Уредници | 13 | 21 | 10 | 10 | 3 | 11 | 0 | 0 | 10 | 18 | 3 | 3 |
| 3 | Управители/директори | 10 | 31 | 6 | 15 | 4 | 16 | 0 | 0 | 10 | 29 | 0 | 2 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 5 | 45 | 0 | 5 | 5 | 39 | 0 | 1 | 2 | 34 | 3 | 11 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 9 | 67 | 0 | 7 | 7 | 60 | 2 | 0 | 2 | 41 | 7 | 26 |
| 6 | Преостанат кадар | 31 | 8 | 11 | 4 | 19 | 4 | 1 | 0 | 16 | 3 | 15 | 5 |
| | ВКУПНО | 138 | 220 | 74 | 66 | 60 | 153 | 4 | 1 | 80 | 150 | 58 | 70 |

Речиси 40% (91 лице) од вработените во редовен работен однос биле ангажирани во само осум локални телевизиски станици (во ТВ Тера од Битола биле вработени 14 лица, во ТВ ТВМ од Охрид 13 лица, во ТВ Кисс од Тетово 12 лица, во ТВ Вис од Струмица и ТВ Ирис од Штип по 11 лица и по 10 лица во ТВ КТВ од Кавадарци, ТВ Вижн-БМ од Прилеп и ТВ Коха од Тетово).

ТВ Здравкин од Велес и ТВ ТВМ од Охрид прикажале најголем број хонорарно ангажирани лица (по 12 лица).

Најбројни во структурата на вработените биле новинарите, од кои 55% биле во редовен работен однос, а 45% биле хонорарно ангажирани. Нивното учество се зголемило за 7% во споредба со претходната година.

[1] За време на изработката на овој документ ТВ Топ веќе ја имаше изгубено дозволата за вршење радиодифузна дејност, а ТВ НТВ од Охрид не достави податоци

**Структура на вработените според работните места**




Кај реализаторскиот кадар овој соодност бил 57% наспроти 43%, односно 43 лица биле во редовен работен однос, а 33 биле хонорарно ангажирани. Од лицата кои што го сочинувале реализаторскиот кадар, 79% биле од машки пол и имале завршено средно образование.

Дури 61% од вработените кај локалните телевизии биле мажи.

Најголем дел од машките лица биле ангажирани како реализаторски кадар, а најголем дел од женските лица како новинарки.

**Структура на вработените според пол**




Речиси 60 % од вработените биле со завршено средно образование (213 лица). Од нив, 28% биле мажи кои што работеле како реализаторски кадар. Втори по учество со комплетирано средно образование биле машките лица ангажирани како технички кадар (18% или вкупно 39 лица).

**Структура на вработените според образование**




Високо образование имале комплетирано 140 лица, од кои 51% работеле како новинари, 14% како уредници, 15% биле управители, 4% технички кадар, 5% реализаторски кадар и 11% биле ангажирани во категоријата „преостанат кадар“.

Со друг вид на образование биле вработени само 5 лица (две лица како реализаторски кадар  и по едно лице како новинар, технички и преостанат кадар).

## 2. РАДИОИНДУСТРИЈА

Вкупниот број на вработени во радиоиндустријата во анализираната година изнесувал 575 лица, од кои 462 лица биле во редовен работен однос, а 113 хонорарно ангажирани.

**Табела : Структура на вработените во радиоиндустријата**

| | | Состојба на 31.12.2012 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 101 | 79 | 72 | 40 | 28 | 36 | 1 | 3 | 73 | 57 | 28 | 22 |
| 2 | Уредници | 33 | 36 | 26 | 27 | 5 | 8 | 2 | 1 | 29 | 33 | 4 | 3 |
| 3 | Управители/директори | 17 | 50 | 9 | 13 | 8 | 35 | 0 | 2 | 15 | 44 | 2 | 6 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 9 | 64 | 3 | 12 | 6 | 52 | 0 | 0 | 4 | 46 | 5 | 18 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 34 | 84 | 9 | 12 | 24 | 67 | 1 | 5 | 30 | 74 | 4 | 10 |
| 6 | Преостанат кадар | 46 | 22 | 12 | 6 | 28 | 9 | 6 | 7 | 39 | 18 | 7 | 4 |
| | ВКУПНО | 240 | 335 | 131 | 110 | 99 | 207 | 10 | 18 | 190 | 272 | 50 | 63 |

Од нив, 276 лица биле вработени во Македонско радио, а 299 во комерцијалните радиостаници. Споредено со 2011 година, бројот на вработените се намалил за 7% (за 22 лица) во Македонското радио и за 3% (за едно лице) кај националните радија, а се зголемил за 6% (за пет лица) кај регионалните и за 10% (за 16 лица) кај локалните радиостаници.




Бројот на вработени во однос на претходната година се намалил само кај новинарите (за 18% или за 40 лица) и кај лицата кои биле ангажирани во категоријата „преостанат кадар“ (за 21% или за 18 лица). Кај останатите категории бројот на вработени се зголемил, и тоа: кај уредниците за 130% (за 39 лица), кај управителите

за 10% (за шест лица), кај техничкиот кадар за 4% (за три лица) и кај реализаторскиот кадар за 7% (за осум лица).

Најзастапени во структурата на вработените биле новинарскиот (31%) и реализаторскиот кадар (20%). Бројот на вработени кај останатите категории бил приближно еднаков (69 лица биле уредници, 67 управители, 73 лица го сочинувале техничкиот кадар и 68 лица преостанатиот кадар).

**Структура на вработените според работните места**




Машките лица биле побројни за 16% отколку жените. Најголем дел од нив работеле како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (25%), а само еден процент помалку биле ангажирани како новинари (24%).

**Структура на вработените според пол**




Кај уредниците бројот на мажи бил за три лица поголем од бројот на жени (36 мажи наспроти 33 жени), а кај управителите и кај техничкиот кадар мажите биле значително побројни во однос на жените.

Жените доминирале само кај новинарите и во категоријата „преостанат кадар“, каде биле двојно повеќе од мажите.

Најголем дел од лицата ангажирани во радиоиндустријата биле со завршено средно образование (53%). Триесет отсто од нив работеле како реализаторски кадар, а најмалку биле ангажирани како уредници (4%).

**Структура на вработените според образование**




Со високо образование биле 42% од вработените. Со друго образование биле 5% од лицата ангажирани во овој сектор. Најмногу од нив биле ангажирани во категоријата „преостанат кадар“ (46%).

## 2.1. Македонско радио

Во споредба со 2011 година, бројот на вработени во Македонското радио се намалил за 22 лица и изнесувал вкупно 276 лица, сите во редовен работен однос.

**Табела: Структура на вработените во Македонско радио**

| | | Состојба на 31.12.2012 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | Вкупен број | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 50 | 35 | 38 | 23 | 12 | 10 | 0 | 2 | 50 | 35 | 0 | 0 |
| 2 | Уредници | 22 | 23 | 19 | 20 | 1 | 2 | 2 | 1 | 22 | 23 | 0 | 0 |
| 3 | Управители/директори | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 0 | 8 | 0 | 1 | 0 | 7 | 0 | 0 | 0 | 8 | 0 | 0 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 26 | 64 | 7 | 6 | 18 | 53 | 1 | 5 | 26 | 64 | 0 | 0 |
| 6 | Преостанат кадар | 32 | 14 | 7 | 4 | 22 | 5 | 3 | 5 | 32 | 14 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 131 | 145 | 72 | 55 | 53 | 77 | 6 | 13 | 131 | 145 | 0 | 0 |

Најголемо учество во структурата на вработените имал реализаторскиот кадар (32%).

**Структура на вработените според работните места**




Незначително помало учество имал новинарскиот кадар (31%). Тој броел вкупно 85 лица, од кои 45% биле женски лица со комплетирано високо образование.

Освен кај новинарите, жените биле побројни и во категоријата преостанат кадар. Мажите, пак, биле побројни кај уредниците, кај техничкиот и кај реализаторскиот кадар, каде што имале и најголемо учество во однос на жените (71% мажи наспроти 29% жени).

**Структура на вработените според пол**




Со завршено високо образование биле 55% од вкупниот број на жени и 38% од вкупниот број на мажи вработени во Македонското радио. Со комплетирано средно образование биле 40% од жените и 53% од мажите, а друг вид на образование имале 5% од женските и 9% од машките лица.

**Структура на вработените според образование**



## 2.2. Комерцијални радиостаници на државно ниво

Бројот на вработени лица во комерцијалните радиостаници на државно ниво се намалил за едно лице во однос на 2011 година и изнесувал вкупно 36 лица (18 лица во редовен работен однос и исто толку хонорарно ангажирани).

**Табела: Структура на вработените во комерцијалните радиостаници на државно ниво**

| | | Состојба на 31.12.2012 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 7 | 7 | 7 | 3 | 0 | 4 | 0 | 0 | 2 | 3 | 5 | 4 |
| 2 | Уредници | 2 | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| 3 | Управители/директори | 0 | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 0 | 6 | 0 | 1 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 2 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 0 | 7 | 0 | 1 | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 4 |
| 6 | Преостанат кадар | 2 | 2 | 2 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 11 | 25 | 9 | 8 | 2 | 17 | 0 | 0 | 5 | 13 | 6 | 12 |

Најголем број на вработени прикажала Антена 5 - вкупно 22 лица, од кои 13 биле редовно вработени а девет биле хонорарци. Во Канал 77 и во Рос Метрополис биле ангажирани по седум лица (пет лица во Канал 77 биле редовно вработени, а две биле хонорарно ангажирани, додека сите вработени во Рос Метрополис биле хонорарно ангажирани).

**Структура на вработените според работните места**




Новинарскиот кадар бил најброен и него го сочинувале 39% од вкупниот број на вработени. Во Антена 5 биле вработени 64% од вкупниот број на новинари, а

останатите 36% биле ангажирани во Рос Метрополис. Радиостаницата Канал 77 не прикажала ниту еден вработен во оваа категорија.

Од вкупно седум вработени лица во Рос Метрoпилис, пет биле ангажирани како новинари и две како уредници, а од вкупно седум во Канал 77, четири биле ангажирани како технички кадар, две како преостанат кадар и едно како управител.

Сите седум лица коишто работеле како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар биле ангажирани во Антена 5.

Речиси 70% од вработените биле мажи.

Во Антена 5 биле ангажирани шест женски и 16 машки лица, во Канал 77 само едно женско и шест машки лица, а во Рос Метрополис четири женски и три машки лица.

**Структура на вработените според пол**




Од вкупниот број на жени, седум работеле како новинари, две како уреднички и две биле ангажирани во категоријата „преостанат кадар“.

Од вкупно 36 ангажирани лица, 17 имале комплетирано високо образование, а 19 биле со завршено средно образование.

**Структура на вработените според образование**



## 2.3. Регионални радиостаници

Во седумнаесетте радиостаници кои во 2012 година емитуваа програма на регионално ниво биле вработени вкупно 85 лица[2], од кои 76% биле во редовен работен однос, а 24% биле хонорарно ангажирани.

Најмногу вработени (во редовен работен однос и хонорарно ангажирани) прикажале РА Зона М1 (12 лица), РА Спортско радио Канал 4 и РА Ват (по 10 лица). Најмногу вработени во редовен работен однос прикажале РА Фортуна (девет лица), РА Сити и РА Ват (по осум лица). Во радиостаницата РФМ не било ангажирано ниту едно лице.

**Табела: Структура на вработените во регионалните радиостаници**

| | | Состојба на 31.12.2012 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | Вкупен број | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 13 | 13 | 10 | 4 | 3 | 9 | 0 | 0 | 9 | 7 | 4 | 6 |
| 2 | Уредници | 4 | 3 | 4 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 4 | 3 | 0 | 0 |
| 3 | Управители/директори | 1 | 15 | 1 | 7 | 0 | 8 | 0 | 0 | 1 | 14 | 0 | 1 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 2 | 21 | 0 | 5 | 2 | 16 | 0 | 0 | 2 | 17 | 0 | 4 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 3 | 6 | 2 | 3 | 1 | 3 | 0 | 0 | 1 | 4 | 2 | 2 |
| 6 | Преостанат кадар | 2 | 2 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 2 | 1 | 0 | 1 |
| | ВКУПНО | 25 | 60 | 18 | 21 | 6 | 39 | 1 | 0 | 19 | 46 | 6 | 14 |

Новинарскиот кадар имал најголемо учество во структурата на вработените (31%), а веднаш зад него, со три лица помалку, бил техничкиот кадар кој учествувал со 27% во вкупниот број на вработени. Најголем број на новинари биле вработени во РА Спортско Канал 4 (седум лица), а најмногу инженери и техничари биле ангажирани во РА Скај (пет лица).

Во анализираната година како управители, односно директори, работеле 16 лица, додека пак како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар вкупно девет лица, од кои четири биле ангажирани во РА Зона-М1.

[2] Во Анализата се обработени податоците за вкупно 16 регионални радиостаници, со оглед на тоа дека една радиостаници – РА Равел во периодот на изработката на овој документ веќе немаше дозвола за вршење радиодифузна дејност. Радиостаницата Класик ФМ не достави податоци за бројот и структурата на вработените, но според податоците од завршната сметка, овој субјект нема пријавено ниту едно лице во редовен работен однос

**Структура на вработените според работните места**




Во категоријата преостанат кадар биле ангажирани само четири лица (две во РА Ват и по едно лице во РА Арачина и РА Лајф ФМ).

Најголем број од вработените во регионалните радиостаници биле машки лица, со учество од 71% од вкупниот број. Тие биле значително побројни во однос на женските лица кај техничкиот кадар (две жени наспроти 21 маж) и кај управителите (една жена наспроти 15 мажи). Бројот на машки и женски лица бил еднаков кај новинарите (по 13 лица) и во категоријата преостанат кадар (по две лица).

**Структура на вработените според пол**




Четириесет и шест отсто од вработените во овој сегмент од радиската индустрија биле со високо образование, меѓу кои најбројни биле женските лица кои работеле како новинарки (26%). Со завршено средно образование биле 53% од вкупниот број на вработени. Најбројни помеѓу нив биле машките лица кои биле ангажирани како инженери и техничари (36%). Со друг вид на образование било ангажирано само едно лице во категоријата „преостанат кадар“.


Структура на вработените според образование
Преостанат кадар
Реализаторски кадар
Технички кадар
Управители/директори
Уредници
Новинари
1
2
1
0
4
5
0
18
5
0
8
8
0
1
6
0
12
14
0
5
10
15
20
друго
ССС
ВСС

## 2.4. Локални радиостаници

Во 2012 година во локалните радиостаници биле вработени 178 лица, од кои 103 биле во редовен работен однос (за 16% повеќе отколку во 2011 година), а 75 биле хонорарно ангажирани. Податоци за бројот и структурата на вработените не доставија само четири од вкупно 59[3] радиостаници кои што емитуваа програма на локално ниво (РА Беса од Прилеп, РА Ди-Џеј и РА Енергу од Струга и РА Фокус од Тетово).

**Табела: Структура на вработените во локалните радиостаници**

| | | Состојба на 31.12.2012 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 31 | 24 | 17 | 10 | 13 | 13 | 1 | 1 | 12 | 12 | 19 | 12 |
| 2 | Уредници | 5 | 9 | 3 | 4 | 2 | 5 | 0 | 0 | 2 | 7 | 3 | 2 |
| 3 | Управители/директори | 15 | 32 | 7 | 4 | 8 | 26 | 0 | 2 | 13 | 28 | 2 | 4 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 7 | 29 | 3 | 5 | 4 | 24 | 0 | 0 | 2 | 17 | 5 | 12 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 5 | 7 | 0 | 2 | 5 | 5 | 0 | 0 | 3 | 3 | 2 | 4 |
| 6 | Преостанат кадар | 10 | 4 | 2 | 1 | 6 | 1 | 2 | 2 | 3 | 1 | 7 | 3 |
| | ВКУПНО | 73 | 105 | 32 | 26 | 38 | 74 | 3 | 5 | 35 | 68 | 38 | 37 |

Најзастапен кај вработените бил новинарскиот кадар кој се зголемил за 14 лица во споредба со 2011 година. Најголемо учество во оваа категорија имале женските лица со завршено високо образование (31%).

**Структура на вработените според работните места**




[3] ТРД Радио Роса од Кочани и ТРД Монако – Радио Сити ФМ од Куманово ја имаа изгубено дозволата за вршење радиодифузна дејност за време на изработката на оваа Анализа

Позначајно учество имале и управителите, односно директорите (26%), каде што најбројни биле машките лица со комплетирано средно образование (55%).

Машките лица учествувале со 59% во вкупниот број на вработени, а најзастапени биле кај управителите (30%) и кај техничкиот кадар (28%).

**Структура на вработените според пол**




Најголем број од женските лица, пак, биле ангажирани кај новинарскиот кадар (42%), а двојно помало учество имале кај управителите (21%).

Жените биле побројни само кај новинарите (56% жени наспроти 44% мажи) и во категоријата „преостанат кадар“ (71% жени наспроти 29% мажи). Кај сите други категории побројни биле мажите.

Од аспект на степенот на образование, со завршено високо образование биле 44% од жените и 25% од мажите, со средно образование биле 52% од жените и 70% од мажите, а со друго образование биле 4% од жените и 5% од мажите.

**Структура на вработените според образование**




Најмногу вработени со завршено високо образование имало кај новинарскиот кадар (47%), додека пак кај лицата со средно образование доминантно учество имале управителите (30%). Со друго образование биле ангажирани само осум лица и тоа: двајца новинари, двајца управители и четири лица во категоријата „преостанат кадар“.

| бр. | подрачје | назив | Новинари | Уредници | Управители/директори | Технички кадар (инженери и техничари) | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | Преостанат кадар | Вкупно | Редовен работен однос | Хонорарно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 0 нац. | ТВ МТВ | 148 | 42 | 4 | 16 | 286 | 101 | 597 | 597 | 0 |
| 2 | 1 нац. | ТВ Алсат-М | 19 | 8 | 3 | 5 | 37 | 38 | 110 | 90 | 20 |
| 3 | 1 нац. | ТВ Канал 5 | 28 | 7 | 1 | 20 | 15 | 26 | 97 | 97 | 0 |
| 4 | 1 нац. | ТВ Сител | 40 | 6 | 1 | 4 | 61 | 22 | 134 | 134 | 0 |
| 5 | 1 нац. | ТВ Телма | 28 | 11 | 1 | 12 | 17 | 12 | 81 | 81 | 0 |
| 6 | 1 држ. сат | ТВ Сонце | 14 | 1 | 1 | 2 | 9 | 6 | 33 | 22 | 11 |
| 7 | 1 држ. сат | ТВ НАША ТВ | 8 | 1 | 2 | 5 | 8 | 6 | 30 | 17 | 13 |
| 8 | 1 држ. сат | ТВ Сител 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 9 | 1 држ. сат | ТВ 24 ВЕСТИ | 18 | 7 | 1 | 18 | 15 | 9 | 68 | 66 | 2 |
| 10 | 1 држ. сат | ТВ АЛФА | 33 | 10 | 2 | 2 | 47 | 26 | 120 | 120 | 0 |
| 11 | 1 држ. сат | ТВ Канал 5 Плус | 4 | 1 | 0 | 7 | 5 | 7 | 24 | 24 | 0 |
| 12 | Скопје | ТВ Шутел | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 7 | 1 | 6 |
| 13 | Скопје | ТВ Скопје | 0 | 0 | 1 | 7 | 0 | 3 | 11 | 11 | 0 |
| 14 | Скопје | ТВ Амазон | 8 | 1 | 1 | 3 | 4 | 0 | 17 | 3 | 14 |
| 15 | Скопје | ТВ БТР | 1 | 0 | 1 | 2 | 2 | 0 | 6 | 1 | 5 |
| 16 | Скопје | ТВ Едо | 12 | 1 | 1 | 2 | 5 | 0 | 21 | 4 | 17 |
| 17 | Скопје | ТВ Ера | 5 | 1 | 1 | 4 | 5 | 4 | 20 | 16 | 4 |
| 18 | Скопје | ТВ Крт | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 19 | Скопје | ТВ МТМ | 4 | 1 | 1 | 2 | 5 | 2 | 15 | 15 | 0 |
| 20 | Скопје | ТВ Скајнет | 1 | 2 | 1 | 1 | 6 | 3 | 14 | 1 | 13 |
| 21 | Берово | ТВ Топ ТВ | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп |
| 22 | Битола | ТВ Орбис | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 7 | 7 | 0 |
| 23 | Битола | ТВ Тера | 5 | 1 | 1 | 3 | 5 | 3 | 18 | 14 | 4 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 | Валандово | ТВ ВТВ | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 | 1 | 2 |
| 25 | Велес | ТВ Канал 21 | 3 | 1 | 0 | 0 | 5 | 1 | 10 | 5 | 5 |
| 26 | Велес | ТВ Здравкин | 5 | 2 | 1 | 4 | 3 | 0 | 15 | 3 | 12 |
| 27 | Гевгелија | ТВ Нова | 3 | 2 | 1 | 0 | 1 | 1 | 8 | 3 | 5 |
| 28 | Гостивар | ТВ Дуе | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 8 | 3 | 5 |
| 29 | Гостивар | ТВ Чеграни Медиа | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 30 | Дебар | ТВ Дибра ТВ Дебар | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 31 | Делчево | ТВ Д1 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 32 | Долнени | ТВ Лажани | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 33 | Кавадарци | ТВ КТВ | 4 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 10 | 10 | 0 |
| 34 | Кавадарци | ТВ Тиквешија | 4 | 1 | 1 | 0 | 4 | 1 | 11 | 8 | 3 |
| 35 | Кичево | ТВ Боем | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 36 | Кичево | ТВ Гурра | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| 37 | Кичево | ТВ Ускана | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 38 | Кочани | ТВ Кочани-ЛД | 4 | 1 | 1 | 1 | 3 | 0 | 10 | 6 | 4 |
| 39 | Кочани | ТВ Канал 8 | 9 | 1 | 1 | 2 | 3 | 1 | 17 | 8 | 9 |
| 40 | Кратово | ТВ Сител 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 41 | Крива Паланка | ТВ Златен канал | 2 | 1 | 1 | 0 | 2 | 1 | 7 | 6 | 1 |
| 42 | Куманово | ТВ Далга-Крт | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 | 2 | 0 |
| 43 | Куманово | ТВ Феста | 4 | 0 | 1 | 1 | 2 | 0 | 8 | 2 | 6 |
| 44 | Куманово | ТВ Хана | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 45 | Куманово | ТВ Нова | 3 | 2 | 1 | 2 | 3 | 2 | 13 | 9 | 4 |
| 46 | Македонски Брод | ТВ Аниса | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 4 | 1 | 3 |
| 47 | Охрид | ТВ Морис | 4 | 0 | 1 | 0 | 1 | 2 | 8 | 3 | 5 |
| 48 | Охрид | ТВ НТВ | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп |
| 49 | Охрид | ТВМ | 6 | 2 | 1 | 4 | 4 | 8 | 25 | 13 | 12 |
| 50 | Прилеп | ТВ Вижн-БМ | 4 | 0 | 1 | 3 | 2 | 0 | 10 | 10 | 0 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 51 | Пробиштип | ТВ Протел | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| 52 | Радовиш | ТВ Еми | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 2 | 7 | 7 | 0 |
| 53 | Радовиш | ТВ Ко-Бра | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 8 | 6 | 2 |
| 54 | Свети Николе | ТВ Свет | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 | 5 | 2 | 3 |
| 55 | Струга | ТВ Арт Канал | 2 | 0 | 1 | 3 | 3 | 0 | 9 | 1 | 8 |
| 56 | Струга | ТВ Калтрина | 4 | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 | 8 | 2 | 6 |
| 57 | Струга | ТВ Спектра | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 0 | 6 | 5 | 1 |
| 58 | Струмица | ТВ Интел | 4 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 10 | 5 | 5 |
| 59 | Струмица | ТВ Вис | 5 | 2 | 1 | 2 | 5 | 3 | 18 | 11 | 7 |
| 60 | Тетово | ТВ Арт | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 61 | Тетово | ТВ Кисс | 4 | 1 | 1 | 0 | 4 | 2 | 12 | 12 | 0 |
| 62 | Тетово | ТВ Коха | 3 | 1 | 1 | 3 | 5 | 1 | 14 | 10 | 4 |
| 63 | Тетово | ТВ Менада | 2 | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 7 | 4 | 3 |
| 64 | Тетово | ТВ Супер Скај | 2 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 5 | 1 | 4 |
| 65 | Центар Жупа | ТВ Канал три | 4 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 7 | 6 | 1 |
| 66 | Штип | ТВ Ирис | 6 | 1 | 1 | 4 | 1 | 2 | 15 | 11 | 4 |
| 67 | Штип | ТВ СТАР | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 9 | 9 | 0 |
| 68 | РМ | РА МРА | 85 | 45 | 2 | 8 | 90 | 46 | 276 | 276 | 0 |
| 69 | РМ | РА Антена 5 | 9 | 1 | 1 | 2 | 7 | 2 | 22 | 13 | 9 |
| 70 | РМ | РА Канал 77 | 0 | 0 | 1 | 4 | 0 | 2 | 7 | 5 | 2 |
| 71 | РМ | РА Рос Метрополис | 5 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 | 0 | 7 |
| 72 | Скопје | Ра 90,3 ФМ | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 5 | 5 | 0 |
| 73 | Скопје | РА Арачина | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 3 | 1 | 2 |
| 74 | Скопје | РА Буба Мара | 1 | 0 | 1 | 3 | 1 | 0 | 6 | 6 | 0 |
| 75 | Скопје | РА Фолк | 2 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 4 | 1 | 3 |
| 76 | Скопје | РА Фортуна | 4 | 1 | 1 | 2 | 1 | 0 | 9 | 9 | 0 |
| 77 | Скопје | РА Класик | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 78 | Скопје | РА Клуб ФМ (Уно) | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 79 | Скопје | РА Лајф ФМ | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 4 | 4 | 0 |
| 80 | Скопје | РА Роса АБ | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| 81 | Скопје | РА Сити | 3 | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 8 | 8 | 0 |
| 82 | Скопје | РА Скај | 0 | 0 | 1 | 5 | 0 | 0 | 6 | 6 | 0 |
| 83 | Скопје | РА Спортско Канал 4 | 7 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 10 | 6 | 4 |
| 84 | Скопје | РА Ват | 3 | 1 | 2 | 2 | 0 | 2 | 10 | 8 | 2 |
| 85 | Скопје | РА Џез ФМ | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 86 | Скопје | РА Зона М-1 | 2 | 1 | 2 | 3 | 4 | 0 | 12 | 3 | 9 |
| 87 | Скопје | РА РФМ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 88 | Жировница | РА Еми | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| 89 | Берово | РА Скај радио, Берово | 4 | 0 | 1 | 3 | 2 | 1 | 11 | 2 | 9 |
| 90 | Битола | РА 106 | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 | 2 | 6 | 3 | 3 |
| 91 | Битола | РА Актуел | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 |
| 92 | Битола | РА Б-97 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 93 | Битола | РА Делфин | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 |
| 94 | Валандово | РА Валандово | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 95 | Велес | РА Це-Де | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 5 | 2 | 3 |
| 96 | Велес | РА Голди | 4 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 7 | 0 | 7 |
| 97 | Велес | РА Мерак 5 ФМ | 4 | 0 | 1 | 2 | 1 | 0 | 8 | 6 | 2 |
| 98 | Виница | РА Ла Коста | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 3 | 1 | 2 |
| 99 | Гевгелија | РА Тајм | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 5 | 4 | 1 |
| 100 | Гостивар | РА Комета | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 101 | Гостивар | РА ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 6 | 1 | 5 |
| 102 | Дебар | РА Мерлин | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 5 | 0 | 5 |
| 103 | Делчево | РА Зора | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 104 | Кавадарци | РА Галакси-2002 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 105 | Кавадарци | РА Кавадарци | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 106 | Кичево | РА А.Макед. | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 107 | Кичево | РА АКОРД ДООЕЛ Кичево | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 108 | Кичево | РА Медисон | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 3 | 1 | 2 |
| 109 | Кичево | РА Ускана-Плус | 2 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 6 | 1 | 5 |
| 110 | Кочани | РА Кочани ФМ | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 111 | Куманово | РА Браво | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| 112 | Куманово | РА Јехона | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 4 | 2 | 2 |
| 113 | Куманово | РА КМР | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 114 | Куманово | РА Аљбана | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 115 | Македонска Каменица | РА Македонска Каменица | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 116 | Македонски Брод | РА Морис плус | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 117 | Неготино | РА Продукција-ЛГН | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 3 | 3 | 0 |
| 118 | Неготино | РА Пулс | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 119 | Охрид | РА Лав | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 |
| 120 | Охрид | РА МХ | 2 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| 121 | Охрид | РА Супер | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 122 | Охрид | РА Охрид | 4 | 1 | 1 | 3 | 0 | 1 | 10 | 2 | 8 |
| 123 | Пехчево | РА Пехчево | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 3 | 1 | 2 |
| 124 | Пласница | РА Мис 2008 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 3 | 1 | 2 |
| 125 | Прилеп | РА 5 Чоки | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 126 | Прилеп | РА Беса | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп |
| 127 | Прилеп | РА Холидеј | 2 | 0 | 1 | 3 | 0 | 2 | 8 | 5 | 3 |
| 128 | Прилеп | РА Мефф | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 129 | Прилеп | РА Тернипе | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 130 | Пробиштип | РА Еко | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 131 | Свети Николе | РА Модеа | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 132 | Свети Николе | РА Свети Николе | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 133 | Струга | РА Ди-Џеј | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп |
| 134 | Струга | РА Кики | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 135 | Струга | РА Рапи | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 136 | Струга | РА Ми Ни | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 137 | Струга | РА Енергу | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп |
| 138 | Струмица | РА Експрес | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 5 | 5 | 0 |
| 139 | Струмица | РА Хит | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 140 | Тетово | РА Блета | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 4 | 2 | 2 |
| 141 | Тетово | РА Фама | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 142 | Тетово | РА Кисс | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 143 | Тетово | РА Плус Форте | 2 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 5 | 1 | 4 |
| 144 | Тетово | РА Фокус | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп | нп |
| 145 | Штип | РА Енџелс ФМ | 3 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 6 | 4 | 2 |
| | | **ВКУПНО** | **670** | **204** | **133** | **236** | **723** | **373** | **2339** | **1993** | **346** |

*нп – нема податок

Издава:
СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

бул. „ВМРО“ бр.3, 1000 Скопје
тел. 3103-400
факс. 3103-401
http: www.srd.org.mk
е-пошта: sovet@srd.org.mk

За издавачот:
Д-р Зоран Трајчевски, претседател на Советот

Изработиле:

Магдалена Д. Довлева

Катерина Митре

Скопје
2013 година